**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-452
27-12. **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4286/1 од 24.11.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-4602/6 од 24.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година согласно, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 10-ти ноември 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4286/1 од 24.11.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24-ти ноември 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот

програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 10-ти ноември 2021 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со надзорот е констатирано дека на 10-ти ноември 2021 година, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуваше 20 часа 57 минути и 14 секунди програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма, при што, воопшто не емитуваше изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела (0.00%).

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4286/1 од 24.11.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар на 29.11.2021 година, испрати Допис наш бр.10-4286/2 од 29.11.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4286/1 од 24.11.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.12.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4286/1 од 24.11.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-4602/6 од 24.12.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.12.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4286/1 од 24.11.2021 година.

**Доставено до:**

- ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Управителот на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

24.11.2021

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 4286 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар

3. Период опфатен со надзорот: 10 ноември 2021 година

4. Датум на извршување на надзорот: 24 ноември 2021 година

5. Предмет на надзорот:

- Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

- Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 10 ноември 2021

година, на локално ниво, констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 10 ноември 2021 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуваше 20 часа 57 минути и 14 секунди програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма, при што, воопшто не емитуваше изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела (0.00%).

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*